РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр./Nr. 08 - 990/6
10.05. 23 год./vit

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 47 седница одржана на 30.11.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Компјутерски науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки, насока: Компјутерски науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер по компјутерски науки, насока компјутерски наукиг /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelors in Computer sciences, module: Computer Sciences.

Научно - истражувачко подрачје: 1 - Природно математички науки 2 - Техничко технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 109 - Математика 110 - Информатика 212 - Компјутерска техника и информатика, Научно – истражувачка област: 10907 – математичка статистика и операциони истражувања 10912 применета математика и математичко моделирање 10913 – програмирање 11000 – Информатика 11001 – Теорија на системи и контрола 11002 - Информациони системи и програмирање 11010 - Развивање на софтвер и бази на податоци 21201 - Програмски јазици и технологии 21203 - Бази на податоци 21204 - Обработка на информации 21206 - Процесирање на податоци 21208 – друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 100 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08-2140/5 од 06.07.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Компјутерски науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи науки и технологии, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-2140/7 од 23.09.2022 година (наш бр. 08 -990/1 од 04.10.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 44-та седницата одржана на 19.10.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 990/3 од 02.12.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 47-та седница одржана на 30.11.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова